Врз основа на член 24 од Законот за заштита на воздухот од загадување („Службен весник на СРМ", бр. 20/74), републичкиот секретар за здравство и социјална политика во согласност со републичкиот секретар за урбанизам, станбени и комунални прашања, донесува

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА ИЗВРШЕНОТО СИСТЕМАТСКО НАБЉУДУВАЊЕ И ИСПИТУВАЊЕ НА ЗАГАДЕНОСТА НА ВОЗДУХОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Републичкиот хидрометеоролошки завод со резултатите од извршеното систематско набљудување и испитување на загаденоста на воздухот на територијата на Републиката писмено ги известува: Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика, Републичкиот секретаријат за урбанизам и станбено-комунални прашања, Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство и Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија.

Резултатите се доставуваат еднаш месечно и тоа: најдоцна до 15 во наредниот месец за изминатиот месец, а за акутните појави на загадување на воздухот, податоците се доставуваат по најбрз пат до овластените органи од став 1, заради преземање на соодветни мерки.

Член 2

Резултатите за испитуваните штетни материи се доставуваат како средно дневни, или поединечни (минутни или часовни) вредности, а во споредба со максимално дозволените концентрации според член 4 од Законот за заштита на воздухот од загадување.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-586
19 февруари 1976 година
Скопје

Согласен:
Републички секретар
за урбанизам, станбени
и ком. прашања,
дипл. инж **Томислав Папеш,** с. р.

Републички секретар
за здравство и социјална
политика,
**Јездимир Богдански,** с. р.